ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА
СОЈУЗОТ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 28406/302
25.10 2018 година
Скопје

БАРАЊЕ

Почитуван Проф. д-р Алекса Малчески,

Ви се обраќам во име на Надзорниот одбор на СММ. На 22.09.2018 година на официјалната веб страна на СММ објавивте вест со која се повлекувате од функцијата Претседател на Сојузот на математичари на Македонија. Ја почитуваме Вашата одлука за тоа и воедно Ви се заблагодаруваме за Вашата работа во СММ, со која придонесовте за значителен напредок во работата на истата, за што сведочат и постигнатите резултати кои се познати на целата македонска јавност.

Според член 18 од Статутот на СММ, должни сме да реагираме. Иако сте во период на оставка, Ве молам на официјалната веб страна на СММ да објавите вест за свикување на Собрание на СММ и за тоа да ги известите членовите на истото, во најбрз можен рок. На Дневниот ред да стои точка за избор на нов Претседател на СММ, како и точка за избор на сите тела на СММ, како што е тоа пракса во процедурата при избор на Претседател, со што би се обезбедила непречена работа на здружението, во секој сегмент од неговата дејност.

Со почит,

Скопје, 25.10.2018 година

Претседател на
Надзорниот одбор на СММ,
Проф. д-р Слаѓана Брсакоска